УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Факултет за информатика

Александар Додевски

МОБИЛНА СОФТВЕРСКА АЛАТКА ЗА СИНХРОНА СОРАБОТКА БАЗИРАНА НА WEBRTC

магистерски труд

Штип, 2018

Комисија за оценка и одбрана

Ментор: проф. д-р Сашо Коцески
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Член: доц. д-р Васко Кокаланов
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Член: вонреден проф. д-р Александар Крстев
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Датум на одбрана: 24.12.2018 г.

Посвета или благодарност

Голема и искрена благодарност до мојот професор и ментор Сашо Коцески, кој ми пружи голема помош и разбирање во текот на целата изработка на магистерскиот труд и кој веруваше во мене и успешноста на овој труд.

Исто така, овој магистерски труд во голем дел е заради безусловната и континуирана поддршка од моите родители. Благодарност за нивната неизмерна морална поткрепа и мотивација во текот на целиот живот. Дополнително благодарност и до сите кои придонесоа во голем дел овој труд да биде успешно реализиран.

Објавени трудови

Dodevski, A., Koceska, N., Koceski, S.: A Forecasting Exchange Rate Between Macedonian Denar and Euro Using Deep Learning. Journal of Applied Economics and Business, Vol 6, No. 2, 50-61. (2018)

Мобилна софтверска алатка за синхрона соработка базирана на WebRTC

Краток извадок

Потребата за интеракција и соработка, за остварување на заеднички цели, постоела уште од почетоците на човештвото. Како што се развивала технологијата, со ист чекор следел развојот на алатките за комуникација и соработка. Брзиот развој на компјутерските системи и интернетот, основните алатки за поддршка на соработката се заменети со нови – електронски алатки за комуникација и соработка. Денес постоењето на системите во облак (cloud systems), мобилните уреди и интернетот на нештата (Internet of Things - IoT), е клучен за комплетна промена во начинот на интеракција и соработка. Денес согласно со барањата на современото општество, постојат алатки кои овозможуваат комуникација и размена на информации и содржини во реално време, придонесувајќи кон поефикасна, поефективна и поевтина соработка помеѓу тимовите кои се гео-локациски дисперзирани на планетата. Во тој контекст, новите софтверски алатки за соработка придонесуваат за големи промени во многу општествени сектори, на пример во образованието, администрацијата, индустријата, медицината, сервисните услуги и особено корисничката поддршка итн.

Денес софтверските алатки за соработка можат да се класифицираат во две категории, и тоа:

- *Асинхрони алатки за соработка*. Овие алатки им овозможуваат на учесниците да соработуваат во реализацијата на работните задачи во различни временски периоди и од различни локации.

- *Синхрони алатки за соработка*. Овие алатки им овозможуваат на учесниците да соработуваат во реално време, без разлика дали се на иста локација или дисперзирани на различни локации.

Согледувајќи ги потребите од реализација на едноставни и флексибилни синхрони алатки за соработка, главната цел на овој магистерски труд е да ги проучи постоечките алатки за синхрона соработка и да понуди архитектура на алтернативна мобилна синхрона алатка базирана на WebRTC (Web Real-Time

Communication) која ќе го минимизира користењето на системските ресурси на мобилните уреди.

За потребите на ова истражување е развиена прототип мобилна апликација која имплементира аудио и видео комуникација во реално време базирана на WebRTCи истата е искористена за проучување на најсоодветната технологија за сигнализација и пренос на податоци. Извршено е истражување преку студија на случај за квалитетот на искуство (Quality of Experience) и квалитетот на сервис (Quality of Service) на ваквиот тип на алатка, и се проучени можностите за нејзина примена како алатка за корисничка поддршка. Резултатите се елаборирани во овој магистерски запис.

Клучни зборови: *аудио и видео конференција, реално време, андроид, комуникација, корисничка поддршка*

Mobile software tool for WebRTC-based synchronous collaboration

Abstract

The need for interaction and collaboration between people with ultimate goal for achieving common goals has existed from the earliest times of humanity. As technology developed, so were the tools for communication and collaboration amongst people. The rapid development of computer systems and the Internet, the basic tools for supporting collaboration have been replaced by new electronic tools for communication and collaboration. In the present, the existence of cloud systems, mobile devices and the Internet of Things (IoT) contributes to a complete change in the way of interaction and collaboration between people. Today, in response to the needs of modern society, there are tools that enable communication and exchange of information and content in real time, and thus contribute to more efficient, effective and cheaper collaboration between people and teams geolocation dispersed on different sides of the world. In this context, the new software collaboration tools have contributed to major changes in many social sectors such as education, administration, industry, medicine, services, in particular customer support, and so on.

Today, software collaboration tools can be classified into two categories:

• Asynchronous collaboration tools. These tools allow participants to collaborate in the execution of work tasks at different time periods and from different locations.

• Synchronous collaboration tools. These tools allow participants to collaborate in real time, whether on the same site or dispersed in different locations.

Recognizing the needs of implementing simple and flexible synchronous collaboration tools, the main goal of this Master thesis is to study existing synchronous collaboration tools, and to offer the architecture of an alternate mobile synchronous tool based on WebRTC (Web Real-Time Communication) which will minimize the use of system resources on mobile devices and provide better performance while using multiple users.

For the needs of this research, a prototype mobile application has been developed which implements real-time audio and video communication based on WebRTC and

it is used to study the most appropriate signaling and data transmission technology. Research was carried out through the Quality of Experience case study and the quality of service of this type of tool, and studied the possibilities for its application as a tool for custmer support. The results are elaborated in this Master thesis.

Key Words: Audio and video conference, real time, android, communication, customer support

Содржина

1. Вовед

Динамичноста на светот во кој живееме побарува константен развој и надоградба на начините за соработка. Постојано се работи на подобрување на старите и откривање на нови технологии за поврзување, комуникација и колаборација.

Остварувањето на најразлични цели, индивидуални или општествени ја истакнува потребата и наклонетоста кон воспоставување на комуникација и реализирање на соработка. Некои од нас преферираат електронска пошта за комуникација, други телефонски или видеоконференциски повик, некои пак лице в лице состанок, или пак комбинација од повеќе. Генерално, може да сепарираме два начина на комуникација: синхрона - комуникација во ист временски период т.е. во реално време и асинхрона – комуникација во различен временски период. За двата начина локацијата не е важна.

1.1. Синхрона комуникација

Етимолошки гледано зборот synchronous е конкатенација од два збора syn + chrono, што означува заедништво во време. Тоа значи дека два или повеќе комуникациски системи се координираат да бидат присутни (не мора локациски на исто место) во ист временски период за да соработуваат.

Историски гледано, синхроната комуникација на почетокот била достапна само со кажан збор или знак користејќи сигнали. Телеграфот, а подоцна телефонот ја проширил синхроната комуникација. Радио комуникацијата почнала да го отстранува ограничувањето во однос на локацијата, дозволувајќи точките за комуникација да се поставени секаде, доколку ја имаат соодветната опрема за испраќање и примање на сигнали. Во модерната дигитална ера синхроната комуникација вклучува сателити, мобилни телефони и интернет технологии и овозможува соработка во реално време без оглед на локацијата. Најнов тренд во областа на синхрона комуникација во последните неколку години е WebRTC технологија, т.е. веб комуникација во реално време. Facebook Messenger како една од моментално најактуелни апликации како мотор користи WEBRTC во позадина.

Синхроната комуникација се интерпретира преку: телефонски повик, видео и аудио повик, конференциски повик, чет и слично.

Придобивките од користењето на синхроната комуникација е тешко да се набројат, еве неколку клучни:

- можноста за соработка во реално време,
- инстантен брз одговор и feedback,
- бесплатни и поевтини решенија,
- видеоконференцијата дозволува да се препознае јазик на телото (body language) и тонови на гласот и е најдобро решение за комуникација од тип еден на еден.

Како и секоја технологија истата има неколку негативности:

- Интернет пристапот мора да е стабилен и континуиран (поврзувањето е невозможно без интернет),
- Комуникација на повеќе точки во исто време бара повеќе конекции, а со тоа истите да се поврзани со минимум критериуми.

1.2. Асинхрона комуникација

Асинхроната комуникација за прв пат била развиена кога се вовел пишан збор. Асинхроната комуникација не се одвива во ист временски период и не е потребно присуство на иста локација.

Асинхрона комуникација се интерпретира преку разни форми и тоа: електронска пошта, писмо, порака, блог, видео и аудио запис и слично.

Изборот на типот на комуникација зависи од желбата, но и од околностите и потребите на ситуацијата и можностите во моментот.

2. WEBRTC технологија

Слика 1. Лого на WebRTC
Figure 1. WebRTC logo

Не така одамна комуникацијата во реално време се сведувала на телефонски повик. Денес во областа на real-time комуникација најмногу се користи WebRTC технологијата.



Слика 2. Комуникација во реално време низ историјата

Figure 2. Real-time communication throughout history

Кратенка од WebRTC е web real-time communication при што буквалниот превод сугерира на комуникација во реално време базирана на веб. Истата

спаѓа во групата на синхрони алатки за комуникација. WebRTC овозможува директна комуникација помеѓу пребарувачите на десктоп и мобилни уреди, како и помеѓу мобилните апликации.

WebRTC е технологија популарна за аудио и видео комуникација преку пребарувачи и преку мобилни апликации, без дополнителни инсталации на интерни и екстерни плагини и додатоци. WebRTC претставува бесплатен и отворен проект, кој овозможува веб пребарувачите и мобилните апликации да комуницираат во реално време преку едноставен интерфејс, API (Application programming interface).

Слика 3. WebRTC помеѓу различни типови на уреди

Figure 3. WebRTC between different types of devices

Креирани се многу WeRTC апликации за веб пребарувачи, мобилни платформи и IoT (Internet of things) уреди, кои овозможуваат комуникација преку заеднички сет од протоколи.

2.1. Почетоци/историја

Во мај 2010 година Google ја има аквизирано корпорацијата Global IP Solutions (GIPS), која се занимава со аудио и видео пренос во реално време. Подоцна, Google има развиено многу компоненти кои се неопходни за комуникација во реално време. На пример, ги има развиено кодеците и исфрлувачите на ехо во аудио сигнал. Понатаму, Google го отвори кодот кој беше развиен од GIPS и го поврза со стандардите од W3C и IETF. Веќе во мај

2011 г. од страна на Ericsson (компанија за мрежа и телекомуникација) е креирана и претставена првата имплементација на WEBRTC.

Во октомври 2011 година W3C ја објави првата драфт верзија за спецификацијата за WebRTC.

Првите чекори на WebRTC го вклучува првиот видеоповик од пребарувач (февруари 2013 г.), првиот пренос на податоци од пребарувач (февруари 2014 г.), за да во јули 2014 г. Google го претстави Hangouts како вид на апликација која користи WebRTC технологија.

Веќе во 2013 година пребарувачите за Андроид Firefox, Chrome и Opera овозможиле поддршка за WebRTC.

2.2. Компатибилност (поддршка)

WebRTC е компатибилен во повеќето од пребарувачите и мобилни околини. На следниот линк може да се провери компатибилноста на кој било пребарувач: http://www.netscan.co/demo/.

На сликата се прикажани компатибилностите за WebRTC:



Слика 4. Компатибилност на WebRTC
Figure 4. WebRTC Compatibility

Имено, поддршката на WebRTC на мобилни уреди е голем напредок, бидејќи мобилните уреди имаат ограничен екран со ограничени ресурси.

- **Android**

Во 2013 г. е претставен Firefox веб пребарувач и за андроид кој поддржува WebRTC. Така што се овозможи да се реализира видеоповик на андроид уреди користејќи Firefox мобилен пребарувач. Google Chrome и Opera за Андроид исто така подржуваат WebRTC.

- **IOS**

WebRTC не е поддржан на IOS за пребарувачи сега за сега. Единствена опција е преку пребарувач развиен од Ericsson или пак да се креира native апликација.

- **Windows Phones**

Microsoft не поддржува WebRTC на мобилни платформи. Корисниците на windows мобилни уреди не можат да користат WeRTC апликации. Секако, поддршката за оперативниот систем Windows Phone е прекината и од Microsoft.

Сликата е прикажан графикон со растот на поддршка за WebRTC од 2011 г. до денес.



Слика 5. Графикон на користеност на WEBRTCкај различни уреди

Figure 5. Graph of WEBRTC use on different devices

2.3. Карактеристики на WebRTC

Во прилог се претставени основни карактеристики на WebRTC технологијата:

1. Open source – Може секој да пристапи до кодот и да го користи за приватни или комерцијални цели.
2. Бесплатен код – Со што се намалуваат трошоците за дополнителни плагини и алатки.
3. Лесна и едноставна употреба, без потреба од дополнителни инсталации на плагини и екстензии. Не се потребни ниту Flash, Java, Silverlight слично.
4. Аудио и видео квалитет - WEBRTC користи Opus аудио кодек и VP8 видео кодек кои обезбедуваат висококвалитетни аудио и видео сигнали.
5. Безбедна комуникација - Технологијата вклучува трансфер на приватни осетливи информации, со тоа мерките за безбедност се големи за заштитата на корисниците од компромитација на податоци или изложеност на напади. Благодарение на end-to-end енкрипција, комуникацијата е приближно до 100 % безбедна. WEBRTC апликациите не треба да инсталираат дополнителни плагини за да обезбедат сигурна мрежна комуникација. WEBRTC компонените користат стандарди (RTC безбедносен протокол) за енкрипција и декрипција кои обезбедуваат заштита за време на трансмисии. WEBRTC, исто така, обезбедува DTLS и SRTP енкрипциски методи, намалувајќи го ризикот од прислушување. Дополнително девелоперите можат да ја подобрат безбедноста со користење на уште побезбедни протоколи и механизам за сигнализација. Сите конекции се заштитени HTTPS иенкриптирани (SRTP).
6. Ниска латентност при дистрибуција на податоци. Постои многу мало доцнење на аудио и видео сигналот и со тоа квалитетен видеоповик.
7. Не се потребни софистицирани телекомуникациски знаења и опрема за да употреби WEBRTC.
8. Мултиплатформа (независност од платформа и уреди) – Адаптиран за компјутери, телефони, таблети, IoT. Корисниците можат да комуницираат без да се зависни од оперативниот систем или уредот. Ова е овозможно со имплементацијата на IETF протоколи и W3C API.

9. Развивачите не се повеќе поврзани за конкретни стандарди, лиценца и vendor-specificсофтвер.
10. Универзална поврзаност – WebRTC нема ограничување во однос на типот на уредот, на пример мобилен телефон може да комуницира со таблет. Со тоа овозможува универзална поврзаност на сите уреди.
11. Облак технологија во позадина.
12. Вградена поддршка за намалување на шумот и ехото.



Слика 6. Карактеристики на WebRTC: универзална поврзаност, облак технологија, ниска латентност
Figure 6. Features of WebRTC: universal connectivity, cloud technology, low latency

Освен предности, WebRTC има и недостатоци:

1. Не е многу добар избор за еден на многу комуникација (1:M) или повеќе на повеќе комуникација (M:M), туку многу подобра опција е за еден на еден (1:1 т.е P2P);
2. Групните конференции бараат повеќе ресурси;
3. Desktop sharing е достапно и дозволува споделување на екранот со другиот корисник, но не дозволува интеракција од страна на корисникот со кој се споделува екранот, туку само следење;
4. Browser limitation – не е поддржан во Safari и некои од мобилните пребарувачи кои се постари.

2.4. WebRTC API

WebRTCAPI (Application Protocol Interface) се состои од три главни компоненти:

- RTCgetUserMedia (или само getUserMedia) – Оваа компонента овозможува пребарувачот или мобилната апликација да има пристап до камерата и микрофонот;
- RTCpeerConnection (или само peerConnection) – Оваа компонента овозможува директна комуникација на крајните корисници. Таа овозможува да се реализираат аудио и видео повици помеѓу пребарувачите или мобилните апликации. Оваа компонента ја сетира конекцијата.
- RtcDataChanels (или само dataChanels) – Оваа компонента овозможува пренос на податоци помеѓу пребарувачите или мобилните апликации, преку peer-to-peer. Сите податоци се криптирани со DTLS-SRTP

Слика 7. WebRTC API
Figure 7. WebRTC API

WebRTC ја користи RTCPeerConnection компонентата за комуникација меѓу пребарувачите и апликациите (peers), но освен тоа потребен е некој механизам (сервер) кој ќе го координира целиот тек на комуникацијата и ќе праќа одредени контролни пораки. Тој процес е познат како сигнализирање (signaling).

Методите на сигнализирање не се дефенирани од WebRTC, односно овој процес не е дел од RTCPeerConnection компонентата. Развивачите на апликации имаат можност самите тие да изберат протокол за комуникација со контролните пораки кој ќе го користат.

Постојат три типа на информации коишто може да се праќаат при овој процес и тоа: контролни пораки за одржување на сесијата (пораки за

иницијализација или затворање на комуникација, како и извештај на грешки), мрежна комуникација (пораки кои ја прикажуваат IP адресата и портот – ICE протокол) и мултимедијални можности (пораки за тоа кои кодеци и резолуции можат да бидат користени во пребарувачот – SDP протокол).



Слика 8. WebRTC архитектура за сигнализација
Figure 8. WebRTC architecture for signaling

Размената на податоци со помош на сигнализирањето мора претходно да заврши успешно пред да се оствари врската.

Најчесто користен протокол за сигнализација е SIP (Session Initiation Protocol) преку Websockets или JavaScript Object Notation (JSON) преку XMLHttpRe-quest (XHR).

При сигнализирање доколку се користи еден ист сервер за преземање на апликацијата станува збор за триаголник сигнализација, а ако двата уреда апликацијата ја преземаат од различни сервери станува збор за трапезоид сигнализација.



Слика 9. WebRTC триаголник сигнализација
Figure 9. WebRTC triangle signaling



Слика 10. WebRTC трапезоид сигнализација
Figure 10. WebRTC trapezoid signaling



Слика 11. WebRTC сигнализација со Websocket
Figure 11. WebRTC signaling using Websocket

2.5. ICE

ICE е протокол кој се користи во процесот на сигнализација при WEBRTC, во делот кога треба да се обезбедат соодветни информации за конекциски крајни точки (peers), пред истите да реализираат директна (p2p) размена на податоци. ICE овозможува на крајните точки (peers) да се обезбеди доволно информации за топологијата на мрежата и да го најде најдобриот пат за комуникација. Користењето на ICE претставува еден вид на безбедносна мерка, бидејќи превенира да се испратат податоци на страници и апликации кои не се подготвени да ги примаат податоците.

Доколку светот би бил без NAT и firewall, при WEBRTC комуникацијата крајните точки ќе користат уникатна адреса која ќе ја разменуваат за да комуницираат директно.



Слика 12. Свет без NATs и firewall
Figure 12. World without NATs and firewall

Сепак во реалноста повеќето уреди имаат повеќе слоеви на NAT, имаат антивирусни програми кои ги блокираат одредени порти и протоколи или пак користат прокси и имаат корпоративни firewall.

WebRTC со помош на ICE проколот се справува со комплексните мрежи во реалноста. ICE го пронаоѓа најдобриот пат за конекција. Пробува паралелно повеќе опции и ја избира најдобрата. Процесот за пронаоѓање на најдобар пат се нарекува NATtraversal.

ICE најпрво пробува да овозможи конекција користејќи ги хостадресите на оперативниот систем на уредите и мрежната картичка. Ако оваа конекција не успее, ICE се обидува со надворешни јавни адреси користејќи STUN сервер. Ако и оваа конекција не успее, сообраќајот се рутира преку TURN сервер.

Секој TURN сервер поддржува STUN. TURN сервер е STUN сервер со додадена способност за препраќање.

URLза STUN и/или TURN серверите се (опционално) специфицирани од WebRTC апликацијата во *iceServers* configurationobject кој е прв аргумент на RTCPeerConnection конструкторот.



Слика 13. Реален свет со NAT
Figure 13. Real world with NATs

2.5.1. STUN - Session Traversal Utilities for NAT (STUN) protocol (RFC5389)

NAT овозможува уред со IP адреса за употреба во приватна локална мрежа, но оваа адреса не може да се користи надвор од таа мрежа. Без јавна адреса крајните точки при WEBRTC комуникација не би можеле да комуницираат. За да се надмине тоа WEBRTC користи STUN.

STUN серверите имаат една едноставна задача: понајди ја јавната IP адреса на комуникациската точка (peer), т.е. мапирај ја локалната со јавна IP адреса. Овој процес овозможува крајните точки на комуникација да добијат јавни адреси и да ги испратат меѓу себе преку механизам за сигнализација, за да можат директно да комуницираат.

STUN користи пинг-понг механизам за да најде јавна IP адреса на клиентот, па peer to peer конекцијата може да се воспостави и да се помине низ firewall.

Иницијално ICE се обидува да ги конектира крајните точки директно, со најмалата можна латенција, преку UDP.

STUN серверите немаат многу за памтење, па затоа можат да примат огромен број на барања.

Многу WEBRTC повици реализираат конекција со STUN: 86 % според WebRTCstats.com.



Слика 14. Користење на STUN сервери
Figure 14. Using of STUN servers

2.5.2. TURN Traversal Using Relays around NAT (TURN) protocol (RFC5766)

Ако STUN серверот не може да најде пат за директна конекција, поради NAT и firewall, тогаш се користи TURN сервер.

RTCPeerConnection се обидува да воспостави директна комуникација помеѓу крајните уреди преку UDP. Ако тоа не успее, се користи TCP. Ако и тоа не успее, TURN серверите се користат како fallback, препраќајќи податоци помеѓу крајните точки.

Имено, TURN се користи за пренос на аудио и видео меѓу крајните точки, а не за сигнализација.

TURN серверите имаат јавни адреси, па можат да реализираат конекција иако крајните точки се позади firewall или прокси. TURN серверите имаат едноставна задача: да препраќаат стрим.

Овам всушностм води кон конекција која не е p2p, но во некои случаи ова е единствената опција.



Слика 15. Користење на TURN сервери
Figure 15. Using of TURN servers

2.6. Архитектура на WebRTC

Генералната слика за архитектурата на WebRTC е претставен на слика 16. Архитектурата е составена од два слоја:

1. Слој за снимање и продуцирање аудиовизуелни податоци. Овој слој ќе ги интерисира развивачите на прелистувачи.

2. Web API слој. Овој слој ќе ги интересира развивачите на веб апликации.



Слика 16. WebRTC архитектура
Figure 16. WebRTC architecture

Секој дел од архитектурата претставена на сликата 16 е подетално објаснет подолу:

1. **Your Web App** - претставува веб базирана апликација со аудио и видео можности.
2. **Web API** (Edited by W3C WG) - претставува интерфејс т.е. API коешто ќе биде користено од страна на развивачите на апликации.
3. **WebRTC C++ API (Peer Connection)** - го преставува API слојот кој овозможува лесна имплементација на Web API функциите.

4. **Session Management / Abstract signaling** - ова е слој за управување со сесии и протокол за комуникација.
5. **Voice Engine** - претставува framework за работа со аудио содржината, т.е. пренос на звук од звучната картичка на мрежа.

а. i**SAC / iLBC / Opus iSAC** - претставуваат аудио кодеци за VoIP и стримање на аудио податоци.

б. **NetEQ for Voice** - претставува динамичен jitter бафер. Овој бафер содржи механизам на прикривање на грешки кои настанале (на пример, губење на пакети во мрежа и слично). Има латентност на најниско можно ниво, а квалитет на звук на највисоко можно ниво.

в. **Echo Canceler** - претставува софтвер којшто во реално време го отстранува ехото во аудио сигналот, т.е. има за задача сигналот кој е продуциран на звучникот да не се префрли на микрофонот кој се користи истовремено.

г. **Noise Reduction** - претставува софтвер за намалување на позадинската бучава, т.е. има за задача од сигналот да ги отстрани дополнителните звуци кои доаѓаат во позадина од микрофонот.

6. **Video Engine** - претставува framework за пренос на видео сигнал, од камерата до мрежата, и дополнително од мрежата да се направи приказ на екран.

а. **VP8 Видео кодек** - е open-source видео кодек, кој е познат по својата брзина на декодирање и подобрени перформанси за помала загуба на податоци. Кодот е универзален и лесно може да се имплементира на хардверска платформа, затоа видеоконференциските системи го користат овој кодек.

б. **Video Jitter Buffer** - претставува динамичен jitter бафер за видео. Овој бафер содржи механизам на прикривање на грешки кои настанале (на пример, при губење на паките). Овозможува да ги пополни недостатоците од сигналот за да се овозможи добар квалитет на видеото.

в. **Image enhancements** - елемент за подобрување на слики. На пример, ги отстранува нечистотиите на сликата продуцирани од веб камерата.

7. **Transport** - слој за пренос на податоци

а. **SRTP** – SRTP е екстензија на RTP протоколот со подобрен механизам за безбедност. Обезбедува сигурна енкрипција, автентикација и интегрална верификација на интернет медија податоците, како што се аудио и видео.

б. **Multiplexing** - е популарна мрежна техника која интегрира повеќе аналогни и дигитални сигнали во еден сигнал кој се пренесува преку комуникациски канал.

в. **STUN/TURN/ICE** - е елемент на WebRTC кој овозможува повиците (аудио и видео) да користат STUN и ICE техники со цел да се воспостави врски преку различни видови на мрежи.

2.7. Модели на WebRTC во мобилниот свет

Постојат 3 модели за WebRTC во мобилниот свет:

- The native browser - Најчесто користениот начин е со native пребарувач. Во овој случај уредот е подготвен да работи со основните конфигурации.
- Browser application - Ова значи да се користи трета апликација (не основниот nativeweb пребарувач) за да се овозможи WebRTC (уште наречена hyrid application, бидејќи се креира хибридна апликација, проширувајќи ја WebView класата, која поддржува WebRTC).
- Native application - Се креира мобилна апликација која ќе ја овозможи WebRTC функционалноста.



Слика 17. WebRTC мобилни модели
Figure 17. WebRTC mobile models

3. Претходни сродни истражувања и употреба на WebRTC

Постојат многу области (use cases) каде што WEBRTC наоѓа примена. Во прилог се неколку од нив:

3.1. Решенија за мониторинг

WebRTC технологијата е практична за системи за мониторинг, пред сè бидејќи е еден од најбезбедните начини за стриминг на медија. End-to-end енкрипцијата и narative peer-to-peer (p2p) архитектура значат дека медијата која се трансферира не е предмет на надзор или следење од страна на серверот. Исто така, корисниците немаат потреба да ги поставуваат јавно своите интернет мрежи за да користат WiFi безбедноста камера. Девелоперите можат да изградат моќна апликација за мониторинг многу поевтино, користејќи го VP8 видео кодекот. Некои примери на веќе постоечки решенија за мониторинг кои користат WebRTC се: NodeLink, Camio и Amaryllo.



Слика 18. Видео мониторинг
Figure 18. Video monitoring

Постојат повеќе научни студии кои го анализираат проблемот на мониторинг со употреба на WebRTC. Така, на пример, во студијата на Tiberkak et al. [52] предложена е архитектура на иновативен систем за следење и анализа на критични ситуации и настани во домот. Авторите предлагаат интеграција на WebRTC во основата на системот за паметен дом и ги анализираат времињата на доцнење од моментот на појава на несаканиот настан до моментот на добивање на нотификација. Заклучокот кој го изведуваат упатува на фактот дека WebRTC може да се користи како алатка за мониторинг на критични настани во реално време.

3.2. WEBRTC for smart home

Една од најпрофитабилните области за WebRTC и во исто време еден од најралевантните IoT трендови е smart home. На пример, домофони на влезната врата или паметно електронско сандаче кое користи WebRTC за аудио и видео комуникација со веб и мобилните апликации. Резидентите на паметните куќи можат да комуницираат со посетителите и на тој начин да си обезбедат сигурност.

Слика 19. „Паметна куќа“
Figure 19. Smart house

3.3. Онлајн стриминг

Апликации како Rabbit и Airtime сакаат да креираат shared viewing платформи кои работат на сите уреди. Идејата е да се соберат сите луѓе заедно со тоа што им се дозволува да консумираат медија за време на

конверзација во живо. Тие се фокусираат на можноста да пренесуваат медија преку постоечките страници како: YouTube, Netflix, Amazon, Spotify и слични.

Слика 20. Rabbit апликација
Figure 20. Rabbit application

3.4. Корисничка поддршка и сервис

Една од областите каде може да се види вредноста на WebRTC е корисничката поддршка и сервис. Со еден клик видеоповик и поврзување со агент за комуникација во реално време.

1.1. Автомобилство - корисничка поддршка за Uber, Airbnb, Car2Go. Во случај кога ќе се вклучи трепкање на светло за кое не сте сигурни што означуваа, преку систем базиран на WebRTC можете да се конектирате со техничка поддршка и да бидете соодветно упатени.

1.2. Продавница за малопродажба со конектирање со remote продавач. Во киоскот купувачите притискаат копче за видеочет со презентерот на брендот во нивниот нативен јазик. Продавачот одговара на прашањата на купувачот и му помага во изборот.

1.3. Онлајн продавници. На пример: Amazon има вклучено поддршка за корисници со клик на копчето „Mayday“ директно на страницата.

1.4. Банкарство - BancSpace е пример за WEBRTC дигатална банкарска комуникациска и колаборациска платформа. Многу банки во Америка имаат додадено видеочет поддршка за корисниците на ATM машините. PeerCDN користи WebRTCData Channel за размена на податоци.

3.5. WEBRTC во здравствена грижа (telehealth/healthcare)

Telehealth е интересен сегмент за работа кога доаѓа во прашање WebRTC. Многу здравствени клиники користат апликации базирани на WebRTC за терапевтски сесии и консултации, со што се намалуваат посетите од пациенти во канцеларија. Ова е добро бидејќи им овозможува на докторите да им дадат приоритет на покритичните и итни пациенти. Исто така, освен релација доктор – пациент, WebRTC е добар и за комуникација на вработените во здравството за консултации во реално време со други доктори.



Слика 21. Telehealth апликација
Figure 21. Telehealth application

На Play Store веќе постојат околу 500 апликации за здравствени грижи кои користат WebRTC и дел од нив имаат голем процент на употреба. Пример е LetsNature, startup од Индија, која нуди апликација за работа во здравството која овозможува закажување на термин со доктор за видеотерапија во реално време. Пациентот комуницира со докторот преку видеоповик во реално време и на тој начин се овозможува брза интервенција и реашавање на проблем.

Овој сервис се очекува дека ќе порасне со профит на 9.3 милијарди долари до 2021 година.

3.6. Онлајн едукација

Релација професор - студент преку предавање, консултации, туторијали, од која било локација во светот.

3.7. Онлајн gaming

Видео и аудио четот во реално време се многу важни за тимски базираните игри, каде што играчите треба да дискутираат и да се консултираат

за стратегијата на играта брзо во реално време, без доцнење на сигналот. WebRTC овде наоѓа примена бидејќи нуди брз трансфер на видео и аудио сигналите, бидејќи не користи централен сервер и притоа овозможува ниска латентност. На пример, играта „The Hobbit: The Battle of the Five Armies“ користи WebRTC.

3.8. Industrial WEBRTC

Индустриските претпријатија се повеќе конзервативни во однос на технологиите и иновациите. Сепак, промени со нови решенија секогаш се потребни и добредојдени. На пример, може да се креира апликација која ќе тригерира видеоповик. Паметна фабрика може да ја користи оваа технологија за да го автоматизира процесот со сензори. На пример, термостат укажува дека машината може да прегрее, па во овој случај може да се вклучи видеокамера за да се направи мониторинг во реално време и да се провери ситуацијата со условите во реално време.

Слика 22. Управување робот со WebRTC апликација
Figure 22. Robot managing with WebRTC application

3.9. Social networks и collaboration

Целта е да се овозможи луѓето да комуницираат, затоа WebRTC доаѓа до употреба. Најпознати апликации се: Google Meet, Google Hangouts, Facebook Messenger, SnapChat, WhatsApp и слично.

WebRTC технологијата овозможува видеоконференциска соработка. Cisco Webex Meetings е систем со пораки кој обезбедува видеоконференција и колаборација користејќи технологија во облаци, мобилни телефони и веб.

4. Софтверско решение

Современото општество не може да се замисли нормално да функционира без лесен и брз пристап до мобилен уред кој истовремено и постојано е со достапна интернет конекција. Уште од најрана возраст навикнуваме да живееме и просперираме со очите вперени во екраните од каде што ги добиваме скоро сите информации (high bandwidth input of info). Затоа, овој магистерски труд е насочен кон креирање прототип на мобилна апликација која овозможува видеокомуникација во реално време. Во прилог е елаборирано објаснувањето.

4.1. Концепт на работа

Концептот на работење е сведен на креирање на соба за комуникација од едниот партиципиент и вклучување на друг партиципиент т.е. краен корисник кој сака да комуницира со првиот.

Имено, на двата уреда е потребно да егзистира апликацијата, при што кој било од крајните корисници е потребно да креира уникатно име за соба, кое ќе биде јавно споделено со сите. Друг уред кој сака да воспостави комуникација со првиот го користи ова јавно име за да се вклучи во истата соба и да воспостават аудио и видео комуникација, само со еден клик.

4.2. Ресурси за работа

За креирање на оваа апликација е користено Android Studio како работна околина, верзија 3.1.3, Java за кодот во позадина. Се користи Linux (open SUSE) оперативен систем. Минимални барања за нормално оперативно функционирање по deploy на апликацијатае уредите да имаат поддршка за android (software) и камера и микрофон (hardware).

4.3. Кориснички интерфејс

По инсталирањето на апликацијата на андроид уредите, до истата се пристапува на стандарден начин на соодветната икона (слика 23).



Слика 23. Пристап до апликацијата за видеоповик
Figure 23. Access the video call application

Водејќи се од аспект на едноставност, дизајнот на корисничкиот интерфејс е лесен за маневрирање (слика 24).



Слика 24. Почетен кориснички интерфејс на апликацијата за видеоповик
Figure 24. The video call application's initial user interface

Генерално, почетниот интерфејс е составен од два дела (слика 25): едниот дел се однесува на воспоставување комуникација и другиот дел се однесува на одредени поставки/нагодувања (својства/опции).



Слика 25. Поделба на кориснички интерфејс на апликацијата за видеоповик
Figure 25. Separation of user interface application for video calling

Првиот дел има простор за креирање на име на соба и копче за повик (слика 26, под a). Дополнително има опција за зачувување на името на соба (слика 26, под b), поставувајќи ја во делот „Омилени“ (слика 26, под c).

До вториот дел, кој се однесува за особини и нагодувања се пристапува со клик на копчето во горниот десен агол на апликацијата (слика 26, под d).



Слика 26. Состав на кориснички интерфејс на апликацијата за видеоповик
Figure 26. Composition of the user interface of the video call application

Во делот за нагодувања има палета од својства за апликацијата и тоа:

- Video call – Вредности: Enabled и Disabled
- Use screencapture - Вредности: Enabled и Disabled. Овозможува споделување на екран.
- Use Camera 2 - Вредности: Enabled и Disabled
- Video resolution - Вредности: Default, 4K, Full HD, HD, VGA, QVGA.
- Camera fps – Вредности: Default, 30 fps, 15 fps.
- Capture quality slider – Вредности: Enabled и Disabled
- Maximum video bitrate setting – Вредности: Enabled и Disabled
- Video encoder maximum bitrate. – Основна вредност е 1700 kbps. Не е достапна за едитирање.
- Default video codec. – Вредности: VP8, VP9, H264 Baseline, H264 Hight
- Video codec hardware acceleration – Вредности: Enabled и Disabled
- Video capture to surface texture – Вредности: Enabled и Disabled
- Codec-agnostic Flexible FEC – Вредности: Enabled и Disabled
- Audio bitrate setting – Вредности: Default и Manual

- Audio codec bitrate – Основна вредност е 32 kbps. Не е достапна за едитирање.
- Default audio codec – Вредности: OPUS, ISAC
- Disable audio processing – Вредности: Enabled и Disabled
- Create aecdump – Вредности: Enabled и Disabled
- Use OpenSL ES for audio playback – Вредности: Enabled и Disabled
- Disable hardware AEC – Вредности: Enabled и Disabled
- Disable hardware AGC – Вредности: Enabled и Disabled
- Disable hardware NS – Вредности: Enabled и Disabled
- Enable level control – Вредности: Enabled и Disabled
- Disable WebRTC AGC and HPF – Вредности: Enabled и Disabled
- Speakerphone – Вредности: Auto (proximity sensor), Enabled и Disabled.
- Enable datachannel – Вредности: Enabled и Disabled
- Order messages – Вредности: Enabled и Disabled
- Subprotocol – Вредност од страна на корисникот
- Negotiated – Вредности: Enabled и Disabled
- Max delay to retransmit – Основна вредост: -1
- Max attempts to retransmit – Основна вредост: -1
- Data id – Основна вредост: -1
- Room server URL – Вредност: https://appr.tc
- Display call statistics – Вредности: Enabled и Disabled
- Debug performance tracing – Вредности: Enabled и Disabled



Слика 27. Дел од опциите за нагодувања на апликацијата
Figure 27.Some setup application’s options

4.4. Screen share (споделување на екран)

Screen share е особина овозможена преку опцијата Use screen capture од делот за нагодувања на апликацијата. Ова особина овозможува емитирање на содржината на екранот на едниот корисник на екранот на другиот корисник. Оваа функционалност на апликацијата е многу практична при процесот на

соработка, бидејќи овозможува визуелен преглед и можност за поефикасен и ефективен начин за корисничка помош, презентации, за одредени надгледувања и слично.

Аудио и видео сервисот надополнети со опцијата за Share screen се докажале како многу корисни во областа на корисничка/техничка поддршка во реално време. Имено доколку клиентот бара помош од операторот, со оваа опција операторот има можност да го упати и надгледува клиентот во реално време и на тој начин побрзо да го реши проблемот.

4.5. Интерфејс за видеоповик

Откако ќе се воспостави видео контакт помеѓу двата уреда, корисничкиот интерфејс изгледа како на слика 28. Прикажани се името на собата и неколку опции. Од понудените опции се вклучени: исклучување на видеоповикот, промена на предна/задна камера, full screen и Mute (безгласно).



a) b)

Слика 28. Интерфејс при видеоповик, a) интерфејс на PeerA, b) интерфејс на PeerB

Figure 28. Video call interface, a) Interface for PeerA, b) Interface for PeerB

4.6. Run loopback test execute

Loopbacke опцијата на апликацијата поставена во десниот горен агол претставува можност за тестирање на камерата и микрофонот на корисникот. Интерфејсот на видеоповикот при loopback ги има истите опции како нормален видеоповик: исклучување на повикот, промена на камерата, full screen и mute.



Слика 29. Loopback опција
Figure 29. Loopback option

4.7. Дијаграм на backend активност

На слика 30 е прикажан дијаграмот на активности кои се случуваат во позадина на апликацијата со цел поврзување на двата крајни корисници и воспоставување на аудио и видеоповик.

